РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1997/8
15.05.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 08.05.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Г-дин Трајчев истакна дека има забелешка на предложениот дневен ред за 19-та седница. Тој посочи дека, веројатно поради техничка грешка која се повторува во последните неколку седници, во дневниот ред повторно е изоставена точката „Разно“.

Г-дин Петрушевски објасни дека е во комуникација со надлежната служба и дека е предложено точката „Разно“ да се вклучува во дневниот ред само доколку некој, било од членовите на Советот или од службата, побара нејзино вметнување. Притоа, потребно е однапред да се најави намерата за отворање точка под „Разно“, како и темата што ќе се разгледува во неа.

Г-дин Трајчев изрази незадоволство од ваквиот пристап, нагласувајќи дека долго време било неспорно точката „Разно“ да биде составен дел од дневниот ред. Тој истакна дека оваа точка е присутна во работењето на многу институции и претставува механизам што им овозможува на членовите, во секое време да се произнесат, да дадат предлог, коментар или да укажат на некоја состојба, без притоа да мора да добијат одобрение од Советот. Според него, доколку ваквите интервенции мора да бидат однапред одобрени за да влезат во дневниот ред, тоа претставува ограничување на демократските права, наметнување на автократски пристап и создавање систем во кој членовите не можат слободно да ги изразат своите ставови. Во таа насока, тој додаде

дека не гледа причина зошто точката „Разно“ да не биде редовен дел од дневниот ред, дури и ако ретко се користела во досегашното работење.

Г-дин Петрушевски додаде дека секој кој има потреба, слободно може да предложи вклучување на точката „Разно“.

Г-дин Трајчев истакна дека, доколку таа точка не биде редовно вклучена во предложениот дневен ред, тој во иднина ќе гласа „воздржано“.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.04.2025 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.04.2025 година.
3. Предлог-одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Струга, со Предлог-конкурсна документација и Предлог-пријава.
4. Предлог-одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, со Предлог-конкурсна документација и Предлог-пријава.
5. Нацрт-правилник за формата и содржината на пријавата за упис во регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали и за начинот на водење на регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали.
6. Нацрт-образец за доставување податоци за обезбедување јавност во работењето на издавачите на онлајн медиуми – интернет портали (образец СУЕ/2).
7. Предлози за покренување на постапки за одземање на дозволата за ТВ емитување на радиодифузери.
8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, за прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.04.2025 година, со текст како што беше предложен.

Точка 2

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.04.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторските права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Струга, со Предлог-конкурсна документација и Предлог-пријава. Таа истакна дека оваа иницијатива произлегува од поднесено барање од заинтересирана страна за отворање на локална радио станица во Струга. Во моментот, на подрачјето на општината постои само една радио станица, која целосно емитува програма на македонски јазик. Според резултатите од Пописот на населението од 2021 година, во Струга живеат 50.980 резиденти, од кои 50,58% се Албанци, 29,23% Македонци, 6,81% Турци, додека остатокот се припадници на други етнички заедници или не ја имаат наведено својата етничка припадност. Со оглед на оваа етничка структура, јасно е дека постои потреба за радио програма на албански јазик, со цел да се задоволат интересите на поширокиот дел од населението. Студијата за утврдување на оправданост покажала дека постојат услови за објавување конкурс, имајќи предвид дека во минатото неколку радио станици емитувале програма на албански, но дел од нив престанале со работа или им била одземена дозволата. Со цел новиот субјект да има подобри услови за работа и поголема достапност до поширока публика, се предлага програмата да се емитува двојазично – на македонски и албански јазик. На овој начин, ќе се овозможи подобро информирање на граѓаните и ќе се создадат подобри услови за привлекување огласувачи, што ќе придонесе за економската одржливост на радио станицата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на 1 (една) дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Струга, и тоа за програмски сервис говорно - музичко радио со претежно информативен општ формат, на албански и на македонски јазик, а ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), и тоа: 104.2 MHz.

Дозволата ќе се додели за временски период од 9 (девет) години и не може да се пренесува на друго лице.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на РСМ", на веб-страницата на Агенцијата, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РСМ, а влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ".

Точка 4

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторските права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, со Предлог-конкурсна документација и Предлог-пријава. Таа истакна дека во Штип моментално емитува програма само една радио станица, чиј програмски сервис претставува музичко-говорно радио од општ формат. По поднесување на официјално Барање и изработка на Студија, беше утврдено дека постои оправданост за објавување конкурс за радио од специјализиран музички формат на македонски јазик, чија содржина главно ќе се состои од популарна, забавна музика. Со доделувањето на новата дозвола ќе се прошири и збогати радиската понуда за граѓаните на Штип, овозможувајќи поголем избор на програмски содржини. Новата радио станица ќе емитува говорни содржини во обем до 5% од вкупното неделно емитување (без да се смета времето резервирано за некласифицирани содржини), а најмалку 70% од вкупно емитуваната музика неделно ќе биде забавна – односно популарна музика. Во поднесеното Барање беше предложено говорниот дел на програмата да се емитува на македонски и српски јазик. Сепак, согласно демографската структура на општина Штип, каде српското население е во многу мал процент, се оцени дека нема оправданост за емитување на српски јазик. Оттаму, се предлага програмата да се емитува исклучиво на македонски јазик. Критериумите за конкурсот се утврдени согласно член 74 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, исто како и при претходниот конкурс за општина Струга.

Г-дин Фиданоски изрази поддршка за оваа иницијатива. Потсети дека истиот барател, на една од претходните седници, побара дозвола за локално радио и за општина Прилеп. Ова укажува на можноста да се воспостави поширока радиска мрежа низ државата, доколку барателот биде избран на конкурсот, бидејќи сите заинтересирани субјекти имаат право да аплицираат. Тој му посака успех во натамошната работа и изрази уверување дека новата радио станица ќе придонесе за збогатување на музичката понуда на територијата на Македонија.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на 1 (една) дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, и тоа за програмски сервис музичко радио од специјализиран формат, во кое емитуваната музика е доминантно популарна (забавна), на македонски јазик, а ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), и тоа: 105.3 MHz.

Дозволата ќе се додели за временски период од 9 (девет) години и не може да се пренесува на друго лице.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на РСМ", на веб-страницата на Агенцијата, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РСМ, а влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ".

## Точки 5 и 6

Г-дин Петрушевски предложи за Точките 5 и 6 да се даде заедничко образложение, бидејќи станува збор за новина во Законот што е неодамна усвоена, а потоа за секоја точка да се гласа поединечно.

Советот го прифати предлогот без забелешки.

Г-дин Трајчевски информираше дека со стапувањето во сила на измените на Законот за медиуми, Агенцијата има законска обврска во рок од 30 дена да ги донесе следните документи: „Правилник за формата и содржината на пријавата за упис во регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали и за начинот на водење на регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали“ и „Образец за доставување податоци за обезбедување јавност во работењето на издавачите на онлајн медиуми – интернет портали (Образец СУЕ/2)“. Посочи дека постои мала неусогласеност меѓу законите во однос на роковите: додека Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) предвидува јавна расправа од најмалку 30 дена, измените во Законот за медиуми налагаат обврска документите да бидат усвоени во рок од 30 дена. Поради оваа ситуација, се предлага јавната расправа да трае 15 дена, по што на 21 мај ќе се одржи состанок во просториите на Агенцијата, на кој се покануваат и членовите на Советот. На состанокот ќе бидат поканети и сите издавачи на интернет портали, како и други заинтересирани страни, со цел да се слушнат нивните предлози и забелешки, имајќи предвид дека веќе се пројавува интерес и се поставуваат прашања во врска со новите измени. По состанокот, во следните 15 дена, конструктивните предлози ќе бидат разгледани и доколку се соодветни, ќе бидат вградени во финалната верзија на Правилникот и Образецот. Потоа документите ќе бидат доставени на усвојување до Советот.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторските права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, појасни дека согласно новите законски одредби, Агенцијата има обврска да воспостави и води регистар на онлајн медиуми. Овој регистар ќе биде доброволен и ќе се води врз основа на поднесена пријава од страна на издавачите. Покрај тоа, Агенцијата има обврска да ја утврди формата и содржината на пријавата, како и начинот на водење на самиот регистар. Во Нацрт-правилникот се дефинираат формата на Пријавата и податоците кои таа треба да ги содржи за да се смета за уредна и комплетна. Тие вклучуваат информации за самиот онлајн медиум, како и за неговиот издавач. Дополнително, Законот предвидува и нова обврска за онлајн медиумите и нивните издавачи. Со цел да се обезбеди транспарентност во работењето, тие ќе треба, слично како радиодифузерите, да доставуваат податоци до Агенцијата за својата сопственичка структура, економско работење и одговорни уредници. Иако оваа обврска беше предмет на забелешки од страна на Агенцијата во текот на процесот на подготовка на законските измени, сепак е вградена во Законот и детално регулирана преку вториот подзаконски акт – Образецот за доставување податоци за обезбедување јавност во работењето, кој ќе се применува од страна на субјектите кои ќе се запишат во регистарот.

Г-дин Петрушевски изрази поддршка за двете точки, нагласувајќи дека измените на Законот претставуваат реална рефлексија на современата состојба, со оглед на сѐ поголемото влијание на интернет порталите. Тој потсети дека за време на изборни процеси постоеле проблеми со исплата на финансиски средства кон портали што биле

формирани само за таа намена. Оттаму, оваа иницијатива ја смета за позитивна и со задоволство ја поддржува. Дополнително, истакна дека за време на јавната расправа и на планираниот состанок со интернет порталите и другите заинтересирани страни, доколку произлезат конструктивни предлози, тие може да бидат искористени за дополнително унапредување на содржината на предложените подзаконски акти. Истото важи и за членовите на Советот и вработените во Агенцијата – додека трае јавната расправа, има доволно време за споделување идеи и предлози.

Г-дин Фиданоски изјави дека ќе даде поддршка за двата нацрт-документи, истакнувајќи дека предложениот Правилник претставува финализирање и заокружување на процес кој подолго време се разгледува и дебатира во јавноста. Посочи дека особено е значајно што иницијативата за воспоставување регистар на онлајн медиуми произлегла од самата медиумска заедница, односно од интернет порталите. Според него, придобивките од ваквиот регистар се повеќекратни. Прво, ќе се реши една клучна дилема која ја имаат правосудните органи, односно, кој субјект се смета за медиум, а кој не, бидејќи досега во пракса важеше ставот дека сè што не е наведено во Законот не се признава како медиум. Второ, ќе се внесе извесен ред во постојниот хаос на медиумската сцена. Иако решението не е идеално, тој смета дека во моментов претставува „минимално оптимално" и прифатливо решение кое ќе ја исполни својата функција. Позитивно го оцени и тоа што со Нацрт-правилникот се покажа разбирање за реалната состојба, каде како услов за регистрација се бараат двајца вработени. Овој критериум, според него, моментално може да го исполнат околу 30 до 40 портали, а дополнително уште толку, оние помалите би можеле да влезат во втората категорија со еден вработен и еден ангажиран со договор на дело. Се осврна и на појавата на т.н. „пижама новинарство" – односно објавување вести од дома, без редакциска структура и со сомнителна намера, кое досега често се користело за манипулативни цели. Особено потенцира дека воспоставувањето на регистарот може да биде „тригер" за измени во Изборниот законик, за кога ќе дојде исплатата за изборното политичко рекламирање да се знае кој може да конкурира. Спомна примери од минатото каде половина од порталите што добиле средства биле основани само шест месеци пред изборите, што укажува на манипулација и наменско формирање. Изрази надеж дека со текот на времето, ваквите прашања ќе бидат понатаму уредувани и интегрирани во законските решенија. На крајот, подвлече дека со зголемениот обем на работа ќе се јави и потреба од дополнителни вработувања во Агенцијата, за што очекува поддршка од актуелниот или идниот состав на Советот.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-правилникот за формата и содржината на пријавата за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали и за начинот на водење на Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Нацрт-правилник да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 15 дена за да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

*Гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт- образецот за доставување податоци за обезбедување јавност во работењето на издавачите на онлајн медиуми – интернет портали (образец СУЕ/2), со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Нацрт-образец да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 15 дена за да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Шења ДООЕЛ Скопје. Тој информираше дека радиодифузерот не го уплатил навремено годишниот надоместок за дозволата за емитување, поради што се предлага започнување на постапка за одземање на истата. Дополнително, извести дека во комуникација со директорот на радиодифузерот добил потврда дека средствата ќе бидат уплатени во рамки на дополнителниот рок од 15 дена.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-778 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2025-100-0129 од 07.04.2025 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-778 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар за прекршување на членот 14 од Законот за медиуми. Таа објасни дека во втората половина на месец март, кога секторот спроведуваше повеќе контролни надзори за почитување на обврските од ЗААВМУ, било утврдено дека радиодифузерот го прекршил членот 14 од Законот за медиуми. Согласно тоа, изработен е Извештај од вонреден административен надзор, реализиран по службена должност. При контрола на 25 март, било утврдено дека во повеќе содржини емитувани на тој ден, воопшто не биле објавени податоците за импресум. Од овие причини, се предлага изрекување на мерка јавна опомена со рок од 20 дена за усогласување, по што ќе се изврши контролен

надзор. Таа исто така информираше дека радиодифузерот по истекот на рокот за изјаснување доставил допис дека прекршувањето е отстрането.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден, по службена должност, административен надзор, бр.10-1555/1 од 01.04.2025 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 25 март 2025 година, не објави импресум на: програмите со верска содржина "Rregullat e shkurorzimit në islam", читање од Куран (аудиовизуелна целина без наслов), "Drita islame" и „Besimi në Allahun xh.sh. dhe shpresa"; документарно-забавната програма „Kuzhina në ekran" и на репризираната информативна емисија–интервју со Ардиан Хоџа директор на "Албафон "Emision debativ - Meqë ra fjala".

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**